Работилница за анализа на работењето на фарма со помош на податоците од ФМС

МОДЕЛНИ ПРОСЕЧНИ КАЛКУЛАЦИИ

Концепт

- Калкулациите претставуваат основен елемент при планирањето на фарма. Тие може да се користат при оценувањето на профитабилноста на различните комбинации на линии на производство; оценување на ефектите во рамки на самата линија на производство; како и оценување на влијанието на трошоците и ефикасноста на алтернативни технологии на производство. Калкулациите треба да ги содржат трошоците и приходите за одредена линија на производство (на пр. пченица, домати, млечни крави), како и ефикасноста при употребата на производните ресурси (факторите на производство). Доколку се користат податоци само од една специфична фарма, комбинациите и користените технологии ќе бидат многу ограничени (пред се на искуството на таа фарма).
- Поради тоа, користењето на базата на податоци на ФМС, во комбинација со искуството и стручноста на советниците, е пресудна за да се осигура дека овие калкулации навистина ќе ги отсликуваат реалните трошоци и приходи на дадената линија на производство.

Концепт

- Целта е да се оформат калкулации за растителни и сточарски линии на производство кои понатаму ќе може да се користат при планирањето (растително производство 2009 година). Овие калкулации треба да содржат „просечни“ трошоци и приходи за дадената линија на производство. Понатаму, се поддржува систематско наведување на трошоците и приходите, за да може да се добие претстава за видот на трошоци и очекуваната профитабилност на некој производ за кој фармерот нема искуство, или пак за споредба на досегашните резултати.
- Моделните калкулации треба да се базираат врз просечните податоци вклучени во ФМС. Секако, советниците треба критички да ги составуваат и да го употребат своето знаење и искуство од теренот за да оценат дали податоците се реални или не. Може да се користат податоците од протоколите и дополнителна стручна помош по потреба.

Конкретни цели

- Дефинирање на интервалот (варијацијата од-до) на приносот и клучните инпути (материјали, работна сила, механизација;
- Пресметка на просечни вредности за најуспешните производители (25%), средните 50% и најслабите 25%
- Развивање на двостепен концепт на бруто маржа – **првото ниво** ги вклучува основните материјални инпути кои нормално не вариираат многу меѓу производителите (семенски материјал, исхрана на растенијата, заштита); **второто ниво** ги вклучува инпутите кои често вариираат меѓу производителите (сопствена механизација наспроти најмена механизација; сопствена работна сила наспроти најмена работна сила) ИЛИ КАКО ВО САМИТЕ КАЛКУЛАЦИИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ – специфични и други трошоци

Конкретни цели

- Пресметка на вкупната вредност на производството на секое ниво (високи, средни и ниски вредности)
- Пресметка на бруто маржата (високи, средни и ниски вредности)
- Пресметка на цената на чинење и профитната маржа (високи, средни и ниски вредности)

Пример

Просечна површина во ха	1.38			1.51			1.04			1.35		
Број на фарми	5			9			5			19		
	Високи 25%			**Средни 50%**			**Ниски 25%**			**Просек сите**		
	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно
Приход	102,625	24.14	2,458,816	78,847	20.58	1,559,610	80,643	18.79	1,261,087	85,577	21.04	1,717,684
	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно	Количина	Цена	Вкупно
Семе			173,321			152,332			156,507			158,156
Арско ѓубриво			145,000			251,207			342,222			257,270
Минерално ѓубриво			66,857			59,351			39,117			56,001
Заштита			46,066			106,372			74,100			116,667
Варијабилни трошоци ниво 1			**431,245**			**569,262**			**611,946**			**588,094**
Бруто маржа 1			**2,458,816**			**990,348**			**649,141**			**1,129,590**
Бруто маржа % (ВТ/ВП)			17.5%			36.5%			48.5%			34.2%
Гориво и мазиво			8,467			80,840			121,035			75,922
Други			#DIV/0!			29,684			99,190			47,541
Најмена механизација			#DIV/0!			22,000			600			14,867
Најмена р.сила			16,000			24,355			41,089			31,329
Наводнување			134,000			47,500			#DIV/0!			99,400
Пластична покривка			150,667			132,253			116,667			131,661
Амбалажа			#DIV/0!			132,701			126,422			130,347
Транспорт			#DIV/0!			19,500			8,140			11,927
Вкупни варијабилни трошоци			**514,257**			**719,353**			**851,488**			**700,153**
Вкупна бруто маржа			**1,944,559**			**840,257**			**409,599**			**1,017,532**
Бруто маржа % (ВТ/ВП)			20.9%			46.1%			67.5%			40.8%